9637
Zavod za zaštitu na spomenie.
na kultura na grad
91000 Skopje

2

# СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 6 март 1981
БЕЛГРАД
БРОЈ 13 ГОД. XXXVII

Цена на овој број е 18 динари. Аконтацијата на претплатата за 1981 год. изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата ~~1-~32; Телекс 11756

**121.**

Врз основа на точка 1 од Одлуката за условите за купување на непреработено злато („Службен лист на СФРЈ", бр 32/77), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКОВНИОТ КОНТИНГЕНТ ЗА ЗЛАТО ВО 1981 ГОДИНА

1. Стоковниот контингент до кој корисниците на злато во 1981 година можат да купуваат непреработено злато од производителите во Југославија или во странство, се определува во количество, и тоа:

| | — во килограми — |
|---|---|
| 1) за заботехнички цели | 930 |
| 2) за научни цели | 8,5 |
| 3) за потребите на индустријата | 920,5 |
| 4) за потребите на преработката на злато во накит и други предмети од злато | 5.871 |
| 5) за потребите на VIII медитерански игри Сплит 1979 | 300 |
| | 8.030 |

Организациите на здружен труд — производители на злато во Југославија можат за потребите на преработката на злато во своите организации, покрај количеството на злато од најмалку 3.180 кг од стоковните контингенти определени во одредбите под 3, 4 и 5 на став 1 од оваа точка, да користат уште и 50% од количеството на зголеменото производство на злато во 1981 година во однос на производството на злато во 1980 година.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 75
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

**122.**

Врз основа на член 1036 став 2 точка 8 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77) Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ПОМОРСКИТЕ И БРОДАРСКИТЕ КНИШКИ И ДОЗВОЛИ ЗА КАЧУВАЊЕ

**I. Заеднички одредби**

Член 1

Поморска книшка, односно бродарска книшка мора да има државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија качен како член на екипаж на поморски брод, односно на брод за внатрешна пловидба на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Дозвола за качување мора да има странски државјанин или лице без државјанство качено како член на екипаж на брод на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Со дозволата за качување се докажува својството во кое е лицето качено на бродот и траењето на качувањето.

Член 3

На поморски технички пловен објект, поморска книшка, односно дозвола за качување мораат да имаат оној број членови на екипажот утврден со прописите за најмалиот број членови на екипажот за безбедна пловидба што мораат да го имаат поморските бродови на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 4

Поморска книшка, односно бродарска книшка, односно дозвола за качување може да му се издаде на лице кое наполнило 15 години живот.

Пред издавањето на поморската книшка, односно на бродарската книшка, односно на дозволата за качување се утврдува идентитетот на лицето.

Член 5

За издадените поморски книшки, односно за бродарските книшки, односно за дозволите за качување се води евиденција.

Член 6

Поморските книшки и дозволите за качување издадени на лицата качени на поморски бродови се издаваат на јазикот и писмото на народот на Југославија и на јазиците на народностите на Југославија што се во службена употреба во републиката, односно во автономната покраина на чија територија е седиштето на органот што ги издава поморските книшки, односно дозволите за качување, како и на англиски јазик.

Бродарските книшки и дозволите за качување издадени на лицата качени на бродови за внатрешна пловидба се издаваат на јазикот и писмото на народот на Југославија и на јазиците на народностите на Југославија што се во службена употреба во републиката, односно во автономната покраина на чија територија е седиштето на органот што ги издава бродарските книшки, односно дозволите за качување, како и на француски јазик.

## II. Поморска книшка

Член 7

Поморската книшка содржи:

1) натпис: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија", со втиснат грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и назив: „ПОМОРСКА КНИШКА";

2) ознака и број на серијата, како и број под кој поморската книшка е заведена во уписникот на издадените поморски книшки;

3) презиме, име, датум на раѓањето и податоци за местото, општината и републиката на раѓањето и за државјанството на имателот на поморската книшка;

4) назначување дека поморската книшка има 60 страници;

5) податоци за личниот опис на имателот на поморската книшка;

6) податоци за местото, општината и републиката во која живее имателот на поморската книшка;

7) место за две фотографии и потпис на имателот на поморската книшка;

8) податоци за називот на органот што ја издал поморската книшка, податок за местото на издавањето и датум на издавањето на поморската книшка;

9) место за потпис на лицето овластено за издавање на поморската книшка;

10) податоци за оспособеноста во поморската пловидба (се запишуваат податоци за тоа за која работа на брод е оспособен имателот на поморската книшка, како и секоја оспособеност со која ќе се здобие подоцна или ќе му се признае подоцна во поморската пловидба по издавањето на поморската книшка, со назначување на исправата врз основа на која е утврдена оспособеноста, називот на органот што ја издал исправата и бројот и датумот на издавањето на исправата);

11) податоци за лекарскиот преглед (се запишуваат податоци за тоа која здравствена организација на здружен труд му го издала уверението за здравствената способност на имателот на поморската книшка за работа на бродот);

12) податоци за крвната група на имателот на поморската книшка;

13) место за внесување на визите за патување во странство;

14) податоци за поранешните качувања на бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (се запишуваат податоци за времетраењето на поранешните качувања на имателот на поморската книшка пред издавањето на поморската книшка, а според категориите на пловидбата);

15) податоци за качувањето и слегувањето (се запишуваат податоци за качувањето, односно за слегувањето на имателот на поморската книшка, со назначување на: луката и датумот на качувањето, односно слегувањето; својството во кое е качен имателот на поморската книшка; името и видот на бродот; името на луката на уписот на бродот; бруто тонажата на бродот; видот на погонот и силата на погонската постројка на бродот; категоријата на пловидбата на бродот и времето што имателот на поморската книшка го поминал на бродот) и потпис на овластеното лице кое ги запишало податоците;

16) податоци за одземањето на овластувањето (се запишуваат податоци за одземањето на овластувањето за вршење работи на брод, со назначување: кој орган, кога и под кој број го донесол решението за одземање на овластувањето и за кое време; бројот и датумот на издаденото овластување и за кое време и називот на органот што го издал);

17) место за забелешки.

Податоците од точка 3 став 1 на овој член се запишуваат со печатени букви и со мастило.

Член 8

Кон барањето за издавање на поморска книшка, подносителот на барањето приложува:

1) извод од матичната книга на родените — ако писменото барање го поднесува по пошта, односно лична карта на увид — ако барањето го предава лично;

2) лекарско уверение дека телесно и душевно е здрав и способен за вршење на определена работа на бродот, издадено според прописите за здравствениот надзор над членовите на екипажот на бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

3) исправа за стекената или признаената способност во трговската морнарица;

4) потврда за поранешните качувања на бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ако порано бил качен на тие бродови;

5) две фотографии во големина 6 x 4,5 cm.

## III. Бродарска книшка

Член 9

Бродарската книшка содржи:

1) натпис: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија", со втиснат грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и назив: „БРОДАРСКА КНИШКА";

2) ознака и број на серијата, како и број под кој бродарската книшка е заведена во уписникот на издадените бродарски книшки;

3) презиме, име, датум на раѓањето и податоци за местото, општината и републиката на раѓањето и за државјанството на имателот на бродарската книшка;

4) назначување дека бродарската книшка има 128 страници;

5) податоци за личниот опис на имателот на бродарската книшка;

6) податоци за местото, општината и републиката во која живее имателот на бродарската книшка;

7) место за две фотографии и потпис на имателот на бродарската книшка;

8) податоци за називот на органот што ја издал бродарската книшка, податок за местото на издавањето и датум на издавањето на бродарската книшка;

9) место за потпис на лицето овластено за издавање на бродарската книшка;

10) податоци за оспособеноста во внатрешната пловидба (се запишуваат податоци за тоа за која работа на бродот е оспособен имателот на бродарската книшка, како и секоја оспособеност со која се здобие подоцна или што ќе му се признае подоцна во внатрешната пловидба по издавањето на бродарската книшка, со назначување на исправата врз основа на која е утврдена оспособеноста, називот на органот што ја издал исправата и бројот и датумот на издавањето на исправата);

11) податоци за лекарскиот преглед (се запишуваат податоци за тоа која здравствена организација на здружен труд му го издала уверението за здравствената способност на имателот на бродарската книшка за работа на бродот;

12) податоци за крвната група на имателот на бродарската книшка;

13) место за внесување на визите за патување во странство;

14) податоци за поранешните качувања на бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (се запишуваат податоци за времетраењето на поранешните качувања на имателот на бродарската книшка пред издавањето на бродарската книшка, со назначување на времетраењето на качувањето, својството во кое имателот на бродарската книшка бил качен, името или ознаката на бродот, видот на погонот и силата на погонската постројка на бродот);

15) податоци за качувањето и слегувањето (се запишуваат податоци за качувањето, односно за слегувањето на имателот на бродарската книшка по издавањето на бродарската книшка, со назначување на: пристаништето и датумот на качувањето, односно слегувањето; името или ознаката на бродот; името на пристаништето на уписот на бродот; својството во кое е качен имателот на бродарската книшка; налогот за качување, односно слегување и времето што имателот на бродарската книшка го поминал на бродот) и потпис на овластеното лице кое ги запишало податоците:

16) податоци за качувањето и слегувањето на линискиот персонал и за службите во смена (се запишуваат податоците за качувањето, односно за слегувањето на имателот на бродарската книшка кога се наоѓа во состав на линискиот персонал и во состав на службите во смена, со назначување на местото и датумот на качувањето, односно на слегувањето; својството во кое е качен имателот на бродарската книшка; името или ознаката на бродот и налогот на качување, односно слегување);

17) податоци за одземањето на овластувањето (се запишуваат податоци за одземањето на овластувањето за вршење работи на бродот, со назначување кој орган, кога и под кој број го донесол решението за одземање на овластувањето и за кое време; бројот и датумот на издаденото овластување и за кое време и називот на органот што го издал;

18) место за забелешки.

Податоците од точка 3 став 1 на овој член се запишуваат со печатени букви и со мастило.

Член 10

Ако посебните услови за живот и работа на бродот на внатрешната пловидба бараат качување и на брачен другар, деца или родители на член на екипаж или на родители на брачен другар на член на екипаж бродарската книшка на членот на екипажот ги содржи личните податоци и за тие лица, и тоа:

1) презиме, име и татково име;

2) датум и податок за местото на раѓањето;

3) податоци за лекарскиот преглед (се запишуваат податоци за тоа која здравствена организација на здружен труд издала уверение за здравствената способност за престој на бродот на внатрешната пловидба);

4) податоци за крвната група;

5) две фотографии во големина 6 x 4,5 cm.

Податоците од точка 1 став 1 на овој член се запишуваат со печатени букви и со мастило.

Член 11

Кон барањето за издавање на бродарска книшка, подносителот на барањето ги приложува исправите и фотографиите од член 8 на овој правилник.

Ако на бродот се качуваат и членови на семејството на член на екипаж (член 10), подносителот на барањето за издавање на бродарската книшка ја приложува за тие лица исправата од член 8 точка 1 на овој правилник, лекарско уверение за нивната здравствена способност за престој на бродот, како и по две фотографии во големина 6 × 4,5 cm, за брачниот другар, родителите и децата постари од пет години.

## IV. Дозвола за качување

Член 12

Дозволата за качување содржи:

1) натпис: „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“, со втиснат грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и назив: „ДОЗВОЛА ЗА КАЧУВАЊЕ“;

2) ознака и број на серијата, како и број под кој дозволата за качување е заведена во уписникот на издадените дозволи за качување;

3) презиме, име, датум и податок за местото на раѓањето, како и податок за државјанството на имателот на дозволата за качување;

4) назначување дека дозволата за качување има 24 страници;

5) податоци за личниот опис на имателот на дозволата за качување;

6) податоци за местото, општината и републиката во која живее, односно престојува имателот на дозволата за качување;

7) место за фотографија и потпис на имателот на дозволата за качување;

8) податоци за називот на органот што ја издал дозволата за качување, податок за местото на издавањето и датум на издавањето на дозволата за качување;

9) место за потпис на лицето овластено за издавање на дозволата за качување;

10) податоци за лекарскиот преглед (се запишуваат податоци за тоа која здравствена организација на здружен труд го издала уверението за здравствената способност на имателот на дозволата за качување за работа на бродот);

11) податоци за крвната група на имателот на дозволата за качување;

12) податоци за качувањето и слегувањето (се запишуваат податоци за качувањето, односно за слегувањето на имателот на дозволата за качување по издавањето на дозволата за качување, со назначување на: луката, односно пристаништето и датумот на качувањето, односно на слегувањето; својството во кое имателот на дозволата за качување е качен; името, односно ознаката и видот на бродот; името на луката, односно на пристаништето на уписот на бродот; бруто тонажата на бродот, односно носивоста на бродот; видот на погонот и силата на погонската постројка на бродот; категоријата на пловидбата; налогот за качување, односно за слегување и времето што имателот на дозволата за качување го поминал на бродот) и потпис на овластеното лице кое ги запишало податоците;

13) место за забелешки.

Во дозволата за качување, по потреба, можат да се внесуваат и други податоци од чл. 7 и 9 на овој правилник. Тие податоци се внесуваат на местото предвидено за забелешки.

Податоците од точ. 3 и 6 став 1 на овој член се запишуваат со печатени букви и со мастило.

Член 13

Кон барањето за издавање дозвола за качување, подносителот на барањето приложува:

1) исправа за идентитетот;

2) исправите од член 8 точ. 2, 3 и 4 на овој правилник;

3) одобрение за постојано населување, односно за привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и одобрение за заснавање на работен однос;

4) две фотографии во големина од 6 × 4,5 cm.

### V. Внесување на податоци во поморската книшка, бродарската книшка и дозволата за качување

Член 14

По издавањето на поморската книшка, односно на дозволата за качување на лицата кои се качуваат на поморски бродови, податоците предвидени со овој правилник за внесување во поморската книшка, односно во дозволата за качување ги запишуваат, и тоа:

1) податоците за качување и слегување на заповедникот на бродот — носителот на правото на располагање, односно сопственикот на бродот;

2) податоците за качување и слегување на другите членови на екипажот — заповедникот на бродот или офицерот кој го заменува;

3) податоците за крвната група — овластениот лекар во здравствената организација на здружен труд;

4) другите податоци — органот надлежен за издавање на поморска книшка, односно на дозволата за качување, а во странство — дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно дипломатското или конзуларното претставништво на државата овластена да ги застапува интересите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 15

По издавањето на бродарската книшка, односно на дозволата за качување на лицата кои слегуваат на бродови за внатрешна пловидба, податоците предвидени со овој правилник за внесување во бродарската книшка, односно во дозволата за качување, ги запишуваат, и тоа:

1) податоците за качување и слегување на заповедникот на бродот во општествена сопственост — носителот на правото на располагање;

2) податоците за качување и слегување на заповедникот на бродот во приватна сопственост — сопственикот на бродот, а ако заповедникот на бродот истовремено е и сопственик на бродот, органот од одредбата под а) односно на одредбата под б) од точка 5 на овој член;

3) податоците за качување и слегување на другите членови на екипажот и на членовите на нивните семејства — заповедникот на бродот, освен во случајот од член 18 став 6 точка 2 на овој правилник;

4) податоците за крвната група и за контролните лекарски прегледи — овластениот лекар во здравствената организација на здружен труд;

5) другите податоци:

а) во Социјалистичка Федеративна Република Југославија — органот определен со републички, односно со покраински прописи;

б) во странство — дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно дипломатското или конзуларното претставништво на државата овластена да ги застапува интересите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 16

Секое внесување на податоци во поморската книшка односно во бродарската книшка, односно во дозволата за качување, мора да биде заверено со потпис на овластеното лице и со печат на бродот, на организацијата на здружен труд или на надлежниот орган. Под потписот се испишува во заграда со печатени букви презимето и името на потписникот.

При слегувањето на член на екипажот на бродот, времетраењето на работата на бродот се запишува во исправите од став 1 на овој член со броеви и букви.

Член 17

Органот определен со републички, односно со покраински прописи, а ако качувањето, односно слегувањето е извршено во странство — дипломатското, односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно дипломатското или конзуларното претставништво на државата овластена да ги застапува интересите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, заверува дека податоците за качувањето или слегувањето внесени во поморската книшка, односно во дозволата за качување издадена на лицата кои се качуваат на поморски бродови им одговараат на податоците за качувањето или слегувањето внесени во пописот на екипажот.

Ако заповедникот на поморски брод качи или симне лице во лука на странска држава во која нема дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно дипломатско или конзуларно претставништво на државата овластена да ги застапува интересите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во поморската книшка, односно во дозволата за качување издадена на лицата на поморски бродови, наместо заверката од став 1 на овој член ќе внесе белешка дека качувањето, односно слегувањето е запишано во бродскиот дневник, со назначување на страницата на бродскиот дневник на која е извршен уписот. Таа белешка заповедникот на поморскиот брод ја заверува со својот потпис и со печатот на поморскиот брод.

Член 18

Органот определен со републички, односно со покраински прописи заверува дека податоците за качувањето или слегувањето на членовите на екипажот внесени во бродарската книшка, односно во дозволата за качување издадена на лицата кои се качуваат на бродовите за внатрешна пловидба им одговараат на податоците за качувањето или слегувањето внесени во пописот на екипажот.

Ако качувањето или слегувањето на членовите на екипажот е извршено во странство, заверката од став 1 на овој член ја врши дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во односната држава, а ако нема такво претставништво — дипломатското или конзуларното претставништво на државата овластена да ги застапува интересите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

На заверката од ст. 1 и 2 на овој член не подлежат податоците за качувањето и слегувањето на членовите на екипажот кои сочинуваат линиски персонал, ниту податоците за качувањето или слегувањето на членовите на екипажот во време на служба во смена.

Член 24

На лицето што ја загубило или на друг начин останало без поморската книшка, односно бродарската книшка, односно дозволата за качување, може да му се издаде нова поморска книшка, односно бродарска книшка, односно дозвола за качување кога ќе се утврдат околностите за загубата или исчезнувањето, и ако поморската книшка односно бродарската книшка, односно дозволата за качување се огласи за неважечка во „Службен лист на СФРЈ".

Член 25

Во новата поморска книшка, односно бродарска книшка, односно дозвола за качување се внесуваат сите податоци за поранешните качувања на бродови на трговската морнарица на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Ако порано издадената исправа од став 1 на овој член е пополнета или станала неупотреблива, податоците за поранешните качувања што таа ги содржи се пренесуваат во новата со назначување на бројот и датумот на издавањето на старата исправа и на органот што ја издал исправата.

VII. Преодни и завршни одредби

Член 26

Поморските книшки, односно бродарските книшки, односно дозволите за качување издадени на лицата качени на бродови што сообраќаат со странство пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, важат до рокот на важењето на визата внесена во поморската книшка, односно во бродарската книшка, односно во дозволата за качување, но не подолго од пет години.

Поморските книшки, односно бродарските книшки, односно дозволите за качување издадени на лица качени на бродови во домашниот сообраќај пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, важат до рокот на важењето на уверението за здравствената состојба на имателот на поморската книшка, односно на бродарската книшка, односно на дозволата за качување, но не подолго од три години.

Член 27

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Правилникот за поморските книшки и дозволите за укрцување („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/65, 41/67 и 25/69);

2) Правилникот за бродарските книшки и за дозволите за укрцување („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/68 и 22/71).

Член 28

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 605/1
4 февруари 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ, с. р.**

**123.**

Врз основа на член 1036 став 2 точка 2 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77), Сојузниот комитет зaa сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ОЗНАКИТЕ НА ПЛОВНИТЕ ПАТИШТА ВО КРАЈБРЕЖНОТО МОРЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат ознаките на пловните патишта во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: ознаки).

Член 2

Во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија означувањето на пловните патишта се врши според комбиниран латерален (бочен) и кардинален (основен) систем на ознаки, односно означувања.

Член 3

Во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со ознаки и светла се означуваат:

а) бочните граници на пловните канали;

б) природните навигациски опасности и други препреки за пловидбата (остатоци и сл.);

в) подрачјата и објектите од важност за пловидбата;

г) нови опасности за пловидбата;

д) забранети котвишта.

Член 4

Системот за означување се состои од шест типови ознаки кои можат да се користат во комбинација:

1) латерални (бочни) ознаки кои се користат заедно со вообичаениот правец на означување, а кој обично се користи за добро дефинирани канали. Со овие ознаки се означуваат левата и десната страна на рутата што треба да се следи;

2) кардинални (основни) ознаки кои се користат заедно со бродскиот компас. Со овие ознаки се означува страната на пловната вода;

3) ознаки на осамена опасност од помали размери околу кои се наоѓа пловна вода;

4) ознаки на сигурна вода околу кои се наоѓа пловна вода (на пример ознаки на средината на каналот);

5) посебни ознаки со кои се означува некое подрачје или објект за кој станува збор во наутичките публикации;

6) ознаки на забрането котвиште.

Член 5

Ознаките можат да бидат плутачки, постојани (ѕидани) или забодени стапови.

Значењето на ознаката зависи од една или од повеќе карактеристики и тоа:

а) дење — од обликот, знакот на врвот и бојата;

б) ноќе — од бојата и ритмот на светлото.

При поставувањето на ознаките според одредбите на овој правилник, не мораат истовремено да се поставуваат и соодветни светла.

## II. Латерален (бочен) систем

Член 6

Со ознаката на латералниот (бочен) систем, на добро дефинираниот канал или премин, се означува левата односно десната страна или обете страни на каналот или преминот по кој бродот мора да плови.

Ознаката на десната, односно левата страна покажува дека бродот мора да мине покрај ознаката по насоката, така што ознаката да му останува десно односно лево.

Десната или левата страна се определува според насоката што бродот ја зема кога се приближува кон лука, река, устие или друг пловен пат, доаѓајќи од отворено море.

Во каналите што се протегаат наспоредно со општата насока на брегот на копното, а се пристапни од двете страни, десната односно левата страна се определува спрема насоката на движењето на стрелката на саатот.

Ако вдолж брегот на каналот постојат повеќе идентични ознаки, тие можат да бидат означени со редни броеви со бела боја, и тоа почнувајќи од отвореното море или од почетокот на пловниот пат, со тоа што на ознаките од десната страна ќе се поставуваат непарни а од левата страна — парни броеви.

На реките, страните се означуваат во однос на спротиводната пловидба.

Член 7

Ознаките на латералниот систем се во вид на купа, ваљак или стап.

Кога левата или десната страна се означува без примена на купести или ваљкасти облици, поставената ознака треба да има соодветен знак на врвот на ознаката.

Член 8

Ознаките на десната страна на каналот се во вид на купа или стап бојосани со зелена боја. Овие ознаки можат да имаат знак на врвот во облик на купа со врвот свртен нагоре, бојосан со зелена боја.

Ознаките на левата страна на каналот се во облик на ваљак или стап бојосани со црвена боја. Овие ознаки можат да имаат знак на врвот во вид на ваљак бојосан со црвена боја.

Член 9

Светлата со кои се означуваат страните на каналот се:

а) на десната страна — зелено светло од која и да е карактеристика;

б) на левата страна — црвено светло од која и да е карактеристика.

Член 10

Ако на ознаките на страните од каналот се запишуваат броеви, тоа запишување се врши во согласност со одредбата на член 6 став 5 од овој правилник.

Член 11

Вградените конструкции на светлата што претставуваат составен дел на латералниот (бочниот) систем се бојосуваат, ако тоа го дозволуваат приликите на теренот, со боја карактеристична за ознаките во тој систем. Овие конструкции не можат да се бојосат со боја чие значење би било во спротивност со значењето што таа боја го има во овој систем на означување.

Одредбата на став 1 од овој член ќе се применува, по можност, и на постојаните конструкции на лучките светла во внатрешноста на луката. Во тој случај, со бојата на конструкцијата на светлото се определува страната на која треба да се остави светло при приоѓањето или застанувањето. Ако конструкцијата на светлото не е бојосана со боја карактеристична за латералниот (бочниот) систем на означување според одредбите на овој правилник, приоѓањето и застанувањето во внатрешноста на луката може да се врши од која и да е страна.

## III. Кардинален (основен) систем

Член 12

Со ознака на кардинален (основен) систем се означуваат:

а) најдлабоките води во подрачјето на страната што е означена со ознака;

б) сигурните страни по кои треба да се мине покрај опасноста.

Со ознаката на кардинален (основен) систем исто така се предупредува на некое важно место во каналот (свиок, спојување, раздвојување или завршување на некое плитко место).

Член 13

Ознаката на кардиналниот (основниот) систем добива назив по квадрантот во кој е поставена и означува дека треба да се мине на именуваната страна на ознаката.

Член 14

Во кардиналниот (основниот) систем постојат четири квадранти, и тоа: северен (N), источен (E), јужен (S) и западен (W). Квадрантите се ограничени со насоките NE, SE, SW NW, сметајќи од средиштето на опасноста.

Член 15

Квадрантите се означуваат:

1) северен квадрант (помеѓу насоките: NW и NE):

а) со ознака во облик на столб или стап бојосани во горната половина со црна боја, а во долната половина со жолта боја;

б) со знак на врвот — две црни купи, една над друга, со врвовите свртени нагоре;

в) со бело непрекинато светло, со мошне брзо или брзо блескање;

2) источен квадрант (помеѓу насоките NE и SE):

а) со ознака во вид на столб или стап бојосани со црна боја, со широк водорамен жолт појас по средината;

б) со знак на врвот — две црни купи, една над друга со основата спрема основата;

в) со бело светло со три мошне брзи блесоци секои 5 секунди или со бело светло со три брзи блесоци секои 10 секунди;

3) јужен квадрант (помеѓу насоките SE и SW):

а) со ознака во облик на столб или стап бојосани во горната половина со жолта, а во долната половина со црна боја;

б) со знак на врвот — две црни купи една над друга со врвовите свртени надолу;

в) со бело светло со шест мошне брзи блесоци по кое следува блесок во траење не помало од 2 секунди — секои 10 секунди или со бело светло со шест брзи блесоци по кое следува блесок во траење не помало од 2 секунди — секои 15 секунди;

4) западен квадрант (помеѓу насоките SW и NW):

а) со ознака во облик на столб или стап бојосани со жолта боја со широк водорамен црн појас по средината;

б) со знак на врвот — две црни купи една над друга со врвот кон врвот;

в) со бело светло со девет мошне брзи блесоци секои 10 секунди или со бело светло со девет брзи блесоци секои 15 секунди.

Член 16

Ознаките на кардиналниот (основниот) систем не се со карактеристична форма, но се првенствено во облик на столб или стап бојосани со жолти и црни појаси.

Кога се означува со ознаки на кардиналниот (основниот) систем, знаците на врвот се во облик на двојна купа со црна боја, со врвот свртен нагоре или надолу, во вид на две купи со основата кон основата или со врвот кон врвот. Знакот на врвот треба да е со задоволителна големина, а купите мораат да бидат една од друга видливо одвоени.

Член 17

Светлата на ознаките на кардиналниот (основниот) систем се со бела боја со мошне брз или со брз ритам на блескање.

Мошне брзо блескање е блескање со брзина од 120 или 100 блесоци во минута.

Брзо блескање е блескање со брзина од 60 или 50 блесоци во минута.

## IV. Ознака на осамена опасност од помали размери

Член 18

Ознаката на осамена опасност од помали размери е во облик на столб или стап бојосани со црна боја, со еден или повеќе широки водорамни црвени појаси.

Ознаката на осамена опасност од помали размери мора да има знак на врвот — две црни топки, една над друга меѓусебно јасно одвоени.

Светлото на ознаките на осамена опасност од помали размери е бело светло на блесоци, по два во група.

Ознаката на осамена опасност од помали размери може да се заобиколи од сите страни.

## V. Ознака на сигурна вода

Член 19

Ознаката на сигурна вода е во облик на топка или во облик на столб или стап. Топката, столбот или стапот се бојосани со вертикални црвени или бели пруги.

Ако ознаката на сигурна вода е во вид на столб или стап, мора да има знак на врвот — топка со црвена боја.

Светлото на ознаката на сигурна вода е бело светло изофазно, на правилни прекини или бело светло со еден долг блесок на секои 10 секунди.

Со ознака на сигурна вода се означува:

а) дека околу ознаката се наоѓа сигурна вода;

б) средишната линија и средината на каналот.

Ознаката на сигурна вода служи и како алтернатива на латералната (бочната) или кардиналната (основната) ознака заради означување на приодот кон брегот.

## VI. Посебни ознаки

Член 20

Посебни ознаки со кои се означуваат некои подрачја или објекти за кои станува збор во научните публикации се:

1) ознаки на систем за собирање на податоци на отворено море (ODAS-систем);

2) ознаки на одвојување на сообраќајот каде што употребата на ознаките предвидени со овој правилник, може да предизвика забуна;

3) ознаки на истовариишта на материјал;

4) ознаки на зони на воени вежби;

5) ознаки на положени кабли и цевоводи;

6) ознаки на зони на рекреација.

Член 21

Посебните ознаки се бојосани со жолта боја, а по обликот не смеат да доаѓаат во судир со ознаките предвидени со овој правилник (на пример ознака во валјкаст облик може да биде поставена на левата страна на каналот, но не може да биде поставена ознака во вид на купа).

Посебните ознаки можат да носат знак на врвот.

Знакот на врвот на ознаката, ако е поставен е во вид на буквата „X" и е бојосан со жолта боја.

Член 22

На посебните ознаки можат да се запишуваат броеви, односно букви за да се истакне нивната намена.

Член 23

Светлото на посебните ознаки е со жолта боја од која и да е карактеристика, но различна од карактеристиките определени за ознаката на кардиналниот (основниот) систем, ознаките за осамена опасност од помали размери и ознаките на сигурна вода.

Член 24

Во исклучителни случаи можат да се поставуваат и додатни посебни ознаки кои по обликот и карактеристиките се разликуваат од ознаките пропишани со овој правилник.

**VII. Ознака на нови опасности за пловидба**

Член 25

Нови опасности за пловидба се новооткриени опасности што уште не се назначени во соодветните наутички публикации.

Во новите опасности за пловидба се вбројуваат природно и вештачки настанати пречки (песочни наноси, гребени, остатоци и сл.).

Член 26

Ознаката за нова опасност за пловидбата е вдвоена ознака предвидена со овој правилник за означување на определена опасност, подрачје или објект од важност за пловидбата.

Вдвоената ознака (ознака — двојник) останува поставена во времето утврдено во соодветните наутички публикации.

Ознаката — двојник може да има радарски фар — одговарач (RACON) со коден сигнал „D", кој на екранот на радарот ја покажува должината на сигналот од една морска милја.

Член 27

Светлата на ознаката за нова опасност за пловидбата мораат да имаат соодветен мошне брз блесок или брз блесок од соодветен латерален (бочен) или кардинален (основен) знак.

**VIII. Ознака на забрането котвиште**

Член 28

Ознаката на забрането котвиште е врцртана свртена котва со црна боја на бела подлога.

Во каналите, премините и реките, ознаката од став 1 на овој член се поставува на обете страни на каналот, преминот односно реката.

**IX. Преодни и завршни одредби**

Член 29

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за ознаките на пловните патишта во крајбрежното море на Федеративна Народна Република Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/52).

Постојните ознаки мораат да се усогласуваат со одредбите на овој правилник во рок од пет години од денот на неговото влегување во сила.

Член 30

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 638/1
4 февруари 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ, с. р.**

**124.**

Врз основа на член 56 став 4 од Законот за основите на безбедноста во железничкот сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/77), во согласност со Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Сојузниот комитет за сообраќај и врски, пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ВО СМЕНИ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВУВААТ ВО ВРШЕЊЕТО НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Заради организирање на безбедно и уредно извршување на железничкиот сообраќај, со овај правилник се утврдуваат критериумите за вршење на работа во смени, под кои се подразбираат должината на смената, времето потребно за одмор на возниот и станичниот персонал, регулирањето на прекинот на работата и други прашања во врска со извршувањето на работните обврски во смена на железничките работници што непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај.

Член 2

Под една смена на железнички работници што непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај (во натамошниот текст: возниот, односно станичниот персонал), во смисла на овој правилник, се подразбира времето за извршување на работните обврски во вршењето на железничкиот сообраќај чиј почеток и крај е утврден со самоуправниот општ акт на организацијата на здружен труд и со распоредот за работа.

Член 3

Должината на извршувањето на работната обврска во текот на смената се утврдува во согласност со организацијата на сообраќајот, со извршувањето на редот на возењето и со други услови за работа што влијаат врз физичката и психичката способност на работниците безбедно и уредно да ги извршуваат работните обврски во текот на смената.

Под други услови за работа што влијаат врз физичката и психичката способност на работниците, во смисла на овој правилник, се подразбираат особено:

1) интезитетот на работата (брзината на возовите, бројот на возовите, количината на маневарската работа и сл.);

2) видот и карактерот на работите, односно на работните задачи;

3) организацијата на работата (број на извршителите на работа во една смена, работа ноќе, во недела, празник и сл.);

4) вид на возот.

Член 4

Една смена на железничките работници од член 2 на овој правилник може да трае најмногу 12 часови.

За персоналот на влечно возило кое во една смена вози деловни, брзи и експресни возови, смената може да трае најмногу 10 часови.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, смената за станичниот персонал на пруги со фреквенција на сообраќајот до 12 парови редовни возови по редот на возењето во текот на 24 часови, може да трае најмногу 14 часови.

Член 5

Смените на железничките работници од член 2 на овој правилник го опфаќаат времето во извршување на работната обврска на работи и работни задачи, и тоа:

1) за возниот персонал:

— времето утврдено за подготвителна работа;

— времето поминато на влечно возило, односно на воз;

— времето поминато на маневрирање во станици;

— времето на прекинот на работата од два часа во текот на траењето на смената;

— времето од јавувањето на работа по утврдениот распоред за работа до вистинскиот почеток на работата.

2) за станичниот персонал — времето поминато во извршување на работната обврска во текот на смената.

Член 6

Во траењето на должината на смената на железничките работници од член 2 на овој правилник не се смета времето што работникот го поминува во очекување на работа, односно на работна задача.

Под време поминато во очекување на работа, односно на работна задача на железничките работници од став 1 на овој член се подразбира, и тоа:

1) за возниот персонал:

— времето поминато во задолжителна резерва;

— времето поминато во режи-патување;

— времето до два часа, што се смета од моментот на јавувањето на работникот по утврдениот распоред за работа заради извршување на работната обврска на определен воз во случај на задоцнување или откажување на тој воз:

— времето утврдено за завршна работа;

— времето на задолжително чекање на замена по истекот на смената;

2) за станичниот персонал — времето потребно за примопредавање на должноста.

Член 7

Времето за извршување на работната обврска во смената може да се определи со прекин во текот на смената.

Под прекин во текот на смената, во смисла на овој правилник, се подразбира времето во кое работникот не е должен да ги извршува работните обврски.

Една смена може да има најмногу два прекина.

Прекинот во текот на смената подолг од два часа се засметува во должината на смената.

Член 8

На работниците од член 2 на овој правилник во должината на траењето на смената не се засметува времето што работникот е должен да го помине во извршување на работната обврска во железничкиот сообраќај по истекот на должината на траењето на смената поради:

1) дејство на виша сила која предизвикала или би можела да предизвика прекин, позначително растројство или други штетни последици во сообраќајот;

2) вонреден настан и неопходност за отстранување на последиците од тој настан;

3) сообраќај на специјален, посебен или службен воз;

4) нередовно извршување на редот на возењето на возот на кој ги извршува работните обврски;

5) непредвиден изостанок на работникот кој треба да го замени во извршувањето на работната обврска.

Во случаите од точ. 4 и 5 на став 1 од овој член работникот може да ги извршува работните обврски најдолго четири часа.

Член 9

На работниците што ги извршуваат работните обврски во смена мора да им се обезбеди одмор во домицилна или обртна единица.

Дневниот одмор на возниот персонал од член 2 на овој правилник помеѓу две смени во обртна единица трае најмалку шест часа.

На возниот персонал во обртна единица не му припаѓа дневен одмор ако извршувањето на работната обврска, во заминување и враќање, трае помалку од 10 односно 12 часа.

Член 10

Овој правилник ќе се применува по истекот на шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 990/1
24 февруари 1981 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

---

**125.**

Врз основа на член 89 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77, 8/77, 22/78, 47/79 и 35/80), генералниот директор на Службата на општественото книговодство пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА СОДРЖИНАТА, ОБЛИКОТ И НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА НА ЕДНООБРАЗНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ И ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ПОСТАПКА И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

1. Во Упатството за содржината, обликот и начинот на употреба на еднообразните инструменти за плаќање и за единствената постапка и начин на вршење на работите на платниот промет во земјата („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/78 и 55/78) во точка 2 под 2 по зборовите: „Налог за наплата — Образец бр. 43" се додава нов ред, кој гласи:

„Налог за пренос од сметка — акредитив — Образец бр. 44".

2. Во точка 6 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Налогот за наплата издаден на товар на сметката на банката, по основ на чекови влечени на тековни сметки на граѓаните, покрај потписот и

ставањето на отпечатокот на штембилот од страна на корисникот на општествени средства-издавателот на налогот, освен во случајот кога налогот го издава банката на товар на сметка на друга банка, мора да биде заверен со потпис и отпечаток на штембилот на банката (основната банка со која корисникот на општествени средства склучил договор за депонирање на средства по видување, односно банката во местото на локацијата на корисникот на општествени средства или неговата единица), што примила чекови на граѓани".

3. Во точка 14 став 2 зборовите: „Чек може да се употребува и за безготовински плаќања помеѓу корисниците на општествени средства," се заменуваат со зборовите: „Корисниците на општествени средства можат да користат чек и за безготовински плаќања,".

4. По одделот: „Налог за наплата — Образец бр. 43 се додава нов оддел со три нови точки, кој гласи:

**„Налог за пренос од сметка — акредитив — Образец бр. 44.**

40а. Налогот за пренос од сметка-акредитив се употребува во случај во кој корисникот на акредитивот врши плаќање на товар својата сметка — отворен акредитив — во корист на сметка на друг корисник на општествени средства, освен во случај во кој пренос на средства се врши од неотповиклив документарен акредитив отворен во согласност со одредбите од Законот за обезбедување на плаќањата помеѓу корисници на општествени средства.

40б. Налог за пренос од сметка-акредитив содржи:

1) назив и седиште на организационата единица на Службата;

2) назив и седиште на должникот;

3) број на сметката на должникот;

4) број на инвестициониот објект;

5) ознака на шифрата на сметката на расчленетиот промет;

6) назив и седиште на корисникот во чија корист се врши пренос на средствата;

7) број на сметката на корисникот во чија корист се врши пренос на средствата;

8) износ на динарите;

9) цел на дознаката со повикување на бројот;

10) датум на настанување на должничко-доверителскиот однос;

11) ознака на контролата;

12) место и датум на издавањето;

13) штамбил и потпис на налогодавецот.

40в. Налогот за пренос од сметка — акредитив се состои од четири примероци. Одделни од тие примероци носат ознаки: „Налог за пренос од сметка — акредитив", „Извештај за задолжување". „Налог за одобрување", „Извештај за одобрување".

Налогот за пренос од сметка — акредитив и налог за одобрување остануваат во Службата како документи за задолжување на сметката на должникот, односно за одобрување на сметката на доверителот.

Извештајот за задолжување му се доставува на должникот заради следење на извршувањето на плаќањето.

Извештајот за одобрување му се доставува на корисникот во чија корист се пренесени средствата.".

5. Ова упатство ќе се применува од 1 мај 1981 година.

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

20-Уп-7/3-81
20 февруари 1981 година
Белград

Генерален директор
на Службата на
општественото
книговодство,
**Милорад Бировљев,** с. р.

СЛУЖБА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

НАЛОГ ЗА ПРЕНОС ОД СМЕТКА-АКРЕДИТИВ

................................................
(Организациона единица на Службата)

Книжете на товар на нашата сметка ..................... број [ ]

................................................

................................................
(назив и седиште на должникот)

[ ] Број на инв. објект Шифра [ ]

Во корист на сметката ..................... број [ ]

................................................

................................................
(назив и седиште на корисникот)

[ ] дин.

Цел на дознаката ..................... повик. на број ..............

................................................

................................................

настанување на должничко-доверителскиот однос ..................
(датум)

Озн. на контр.

..................... (место и датум)

..................... (Штембил и потпис на налогодавецот)

Обр. бр. 44 СОК

**126.**

Врз основа на член 129 точка 8 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 32/78), Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1981 ГОДИНА

1. На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија на кој пензијата му се исплатува на товар на фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници, ќе му се исплати надомест за закрепнување во 1981 година во износ од 1.200 динари.

2 На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија кој во 1981 година бил вработен или вршел професионална дејност, односно самостојна дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, не му припаѓа надомест од точка 1 на оваа одлука.

3. Ако семејна пензија користат двајца или повеќе соуживатели, надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати во еден износ.

4 Износот на надоместот утврден во точка 1 на оваа одлука се исплатува во еден износ и втасува за исплата со пензијата за месец април 1981 година. Исплата на надоместот по оваа одлука ќе изврши Службата за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници по службена должност.

5 Надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати од средствата издвоени и наменети за закрепнување на уживателите на пензија.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ.“

Бр. 18-1
18 февруари 1981 година
Белград

**Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ**, с. р.

---

**127.**

Врз основа на член 19 став 1 од Законот за здравственото осигурување на воените осигураници („Службен лист на СФРЈ“, бр 32/78), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УЧЕСТВО НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1 Воените осигуреници и членовите на нивните семејства (во натамошниот текст: осигурените лица) учествуваат, освен во случаите пропишани во член 19 став 2 од Законот за здравственото осигурување на воените осигуреници, во поднесувањето на трошоците за користење на здравствената заштита во износите утврдени со оваа одлука.

2. Осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на лекови во износ од 10 динари за издаден лек.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка осигурените лица не го плаќаат износот од 10 динари за издаден лек за чие применување е потребна непосредна интервенција на стручен здравствен работник во здравствена установа или во станот на осигуреното лице, како и за издадени завоен материјал што лекарот го пропишал за употреба во станот на осигуреното лице (фластер, газа, вата, завој и сл.) во количество потребно за едно превивање.

Ако пропишаниот лек го земаат во цивилна аптека, осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на лекот во износите пропишани за осигурениците — работници на територијата на која се наоѓа таа аптека.

3. Во остварувањето на медицинската рехабилитација во здравствените установи специјализирани за медицинска рехабилитација, осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците во износ од 30% од утврдената цена за користење на тој вид здравствена заштита, освен:

1) кога медицинската рехабилитација се спроведува во воени или во цивилни болници и во Институт за физикална медицина и рехабилитација на Военомедицинската академија;

2) кога по акутно заболување или повреда непосредно се преместуваат од стационарна здравствена установа во специјализирана установа за медицинска рехабилитација.

4. За вештачко прекинување на бременост осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на тој вид здравствена заштита во износите и под условите определени за осигурениците — работници на територијата на која е живеалиштето на осигуреното лице.

5. Во остварувањето на правото на ортопедски помагала осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на тој вид здравствена заштита, и тоа:

1) за сите видови ортопедски чевли, за гумени чорапи и кожни ракавици — во износ од 30% од утврдените цени за тие помагала;

2) за затеги, суспензориуми, појас, ортопедски влошки, кожна капа, перика и вештачка дојка — во износ од 20% од утврдените цени за тие помагала.

6. Во остварувањето на правото на очни помагала осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на тој вид здравствена заштита, и тоа:

1) за фотосензитивни стакла — во износ од 50% од утврдените цени за тие помагала;

2) за бифокални стакла — во износ од 30% од утврдените цени за тие помагала;

3) за контактни стакла — во износ од 10% од утврдените цени за тие помагала во случај на кератеконус, монокуларни афакии кога на другото око леќата е провидна, обострани афакии, анисометропија поголема од 3 диоптрии и потреба за стереоскопски вид во врска со занимањето, аметропии поголеми од 8 диоптрии без астигматизам и аметропии поголеми од 5 диоптрии комбинирани со астигматизам поголем од 3 диоптрии.

7. Во остварувањето на правото на помагала за слух осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на здравствена заштита за апарат за слушање во износ од 20% од утврдената цена за тоа помагало.

8. Во остварувањето на правото на забнопротетички помагала осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за користење на тој вид здравствена заштита, и тоа:

1) за керамична (порцеланска круна) за метал-керамична (порцеланска) круничка, за метал-керамични (порцелански) мостови од вирон и за метал-керамични (порцелански) мостови од платинско злато — во износ од 20% од утврдените цени за тие помагала;

2) за фабрички пречки, индивидуални (лабораторски) леани пречки и за системи за ретенција (атечмен-и) — во износ од 10% од утврдените цени за тие помагала.

9 Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за учество на воените осигуреници и на членовите на нивните семејства во поднесувањето на трошоците за користење на здравствена заштита („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/78).

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 24-1
18 февруари 1981 година
Белград

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ**, с. р.

## 128.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за здравственото осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/78), во согласност со сојузниот секретар за народна одбрана, Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ, ЗА СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛИТЕ И ЗА РОКОВИТЕ НА ТРАЕЊЕТО ЗА ОЧНИ И СЛУШНИ ПОМАГАЛА И ПОМАГАЛА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

Член 1

Во Правилникот за индикациите, за стандардите за материјалите и за роковите на траењето за очни и слушни помагала и за помагала за овозможување на гласен говор („Службен лист на СФРЈ" бр. 16/77) во член 2 точка 1 по шестата алинеја се додаваат нови седма и осма алинеи, кои гласат:

„— со фотосензитивни стакла;

— со фреснелови призми;".

Член 2

Во член 3 во став 3 во основната реченица и во став 4 по зборот: „темни" се додаваат зборовите: „или фотосензитивни".

Член 3

Во член 4 ст. 1 и 2 по зборот: „темни" се додаваат зборовите: „или фотосензитивни".

Член 4

Во член 6 во шестиот ред одозгора по зборот: „правилник" се става точка, а текстот до крајот се брише.

Член 5

Во член 7 став 1 точка 4, цифрата: „8" се заменува со цифрата: „4", а во точка 5 цифрата: „3" — со цифрата: „2"

Член 6

Во член 8 став 1 точка 3 зборовите: „на надворешните делови на окото" се заменуваат со зборовите: „на очните регии".

Член 7

Член 10 се менува и гласи:

„Роковите на траењето на очните помагала изнесуваат, и тоа:

1) за рамки за очила:

— за осигурени лица — деца до 7 години возраст — според медицинските индикации;

— за осигурени лица — деца над 7 до 16 години возраст — 12 месеци;

— за осигурени слепи лица — 14 месеци;

— за другите осигурени лица — 24 месеци;

2) за стакла во диоптрии:

— за осигурени лица — деца до 7 години возраст — според медицинските индикации;

— за осигурени лица — деца над 7 до 16 години возраст — 12 месеци;

— за другите осигурени лица — 24 месеци;

3) за млечни стакла — 30 месеци;

4) за темни или фотосензитивни стакла во диоптрии и без диоптрии важат истите рокови како и за обичните стакла во диоптрии;

5) за темни стакла од пластична маса што им се пропишуваат на слепи лица — 18 месеци;

6) за бифокални стакла и фреснелови призми — 24 месеци;

7) за очила со специјален систем на леќи (телескопски очила) — 48 месеци;

8) за контактни стакла — 24 месеци;

9) за очни протези;

— за осигурени лица до 20 годишна возраст — според медицинските индикации;

— за другите осигуреници лица — 24 месеци;

10) за очни преврски — 6 месеци;

11) за метални таблици за пишување со Браево писмо — 3 години.

Осигурените лица кои според овој правилник имаат право на очна протеза, имаат право и на полирање на очната протеза еднаш годишно."

Член 8

Во член 12 став 1 по зборовите: „40 децибели" се додаваат зборовите: „во говорни фреквенции".

Во став 2 точка 1 зборовите: „над 2 години живот" се заменуваат со зборовите: „веднаш по утврдувањето на степенот на оштетувањето на слухот".

Член 9

Во член 16 став 3 во шестиот ред одозгора зборовите: „задоволително подобрување на слухот" се заменуваат со зборовите: „задоволителна компензација на оштетениот слух".

Член 10

Во член 17 став 2 се менува и гласи:

„Апарат за овозможување на гласен говор му се доделува на осигурено лице врз основа на предлог од лекар специјалист за болести на уво, нос и грло."

Член 11

Во член 18 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Нов апарат за овозможување на гласен говор му се обезбедува на осигурено лице, ако поправка на оштетениот апарат не е возможна."

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 22-1
18 февруари 1981 година
Белград

**Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Новович**, с. р.

**129.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за здравственото осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/78), во согласност со сојузниот секретар за народна одбрана, Собранието за Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ПРОТЕТИЧКИ И ОРТОТИЧКИ СРЕДСТВА И САНИТАРНИ СПРАВИ, ЗА СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛОТ И ЗА РОКОВИТЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ТИЕ СРЕДСТВА И СПРАВИ

Член 1

Во Правилникот за индикациите за протетички и ортотички средства и санитарни справи, за стандардите за материјалот и за роковите на траењето на тие средства и справи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77) во член 4 став 5 зборовите: „(од волна, памук или синтетичко влакно)" се бришат

Член 2

Член 5 се менува и гласи:

„На осигурено лице му се обезбедуваат протези лежишта на протези и составни делови на протези изработени од стандарден материјал кој ги исполнува техничко-медицинските услови."

Член 3

Во член 6 став 1 точ. 1 и 2 се менуваат и гласат

„1) протези за горниот екстремитет:

| | |
|---|---|
| за I група | 8 месеци |
| за II група | 18 месеци |
| за III група | 36 месеци |
| за IV група | 24 месеци |

2) протези за долниот екстремитет:

| | |
|---|---|
| за I група | 6 месеци |
| за II група | 10 месеци |
| за III група | 24 месеци |
| за IV група | 24 месеци". |

Член 4

Во член 7 став 1 на крајот се додаваат зборовите: „или на последици од одземеност".

Член 5

Член 8 се менува и гласи:

„На осигурено лице му се обезбедуваат ортотички средства изработени од стандарден материјал кој ги исполнува техничко-медицинските услови."

Член 6

Во член 10 точка 2 зборовите: „изземајќи го чукелот" се заменуваат со зборовите: „посилно изразена деформација на палецот".

Член 7

Во член 15 став 1 точка 6 зборот: „стоење" се заменува со зборот: „движење".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во случаите од став 1 на овој член осигуреното лице добива на употреба собна инвалидска количка, а и теренска инвалидска количка ако со медицинска рехабилитација се оспособи за самостојно управување со таква количка што го утврдува лекар од соодветна специјалност."

Член 8

Во член 21 бројот: „12" се заменува со бројот: „6", а зборовите: „3 месеци" — со зборовите: „1 месец".

Член 9

Во член 23 став 1 во точка 5 во табелата, бројот: „12" се заменува со бројот: „8".

Член 10

Во член 24 во точка 4 по зборот: „игли" се додаваат запирка и зборовите: „со кутија за стерилизација и пинцета".

Во точка 9 зборот: „гумено" се заменува со зборот: „антидекубитално", а зборот: „гумен" со зборот — „антидекубитален".

Во точка 10 зборовите: „душек, гумен или од сунѓереста маса" се заменуваат со зборовите: „антидекубитален душек".

Во точка 12 зборот: „гумено" се брише, а на крајот точката се заменува со точка и запирка и потоа се додава нова точка 13, која гласи:

„13) болнички кревет — постела — лицето што е неподвижно, а му е потребна промена на положбата во лежечки став."

Член 11

Во член 25 во точка 4 во табелата, по зборот: „инјекции" се додаваат запирка и зборовите: „кутии за стерилизација и пинцети".

Во точка 9 зборот: „гумен" се заменува со зборот: „антидекубитален".

Во точка 12 зборот: „гумено" се брише.

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Болнички кревет — постела се доделува само еднаш".

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 23-1
18 февруари 1981 година
Белград

**Собрание на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Новович**, с. р.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Се разрешува од должноста директор на Сојузниот завод за статистика Ибрахим Латифиќ, поради истекот на пропишаниот период во вршењето на таа функција.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С. п. п. бр. 163
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р

---

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

За директор на Сојузниот завод за статистика се назначува Франто Комел, директор на Заводот за статистика на СР Словенија.

С. п. п бр. 164
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р

---

Врз основа на член 238 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Се разрешува од должноста заменик-директор на Сојузниот завод за статистика д-р Војан Конвалинка, поради заминување на друга должност.

С п. п. бр 165
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

За директор на Сојузниот завод за стандардизација се назначува Вукашин Драгоевиќ, шеф на Кабинетот на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

С. п. п. бр. 166
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 76 став 2 од Законот за прекршоците со кои се повредуваат сојузните прописи („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/77 и 36/77), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОСТОЈАН ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕКРШОЦИ

За постојан член на Сојузниот совет за прекршоци се именува Лазар Махоски, самостоен советник — раководител на Групата за организационо-правни прашања во Сојузниот секретаријат за правосудство и организација на сојузната управа.

С. п. п. бр. 167
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ АМБАСАДОР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста амбасадор во Сојузниот секретаријат за надворешни работи Боро Рафајловски, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр 169
19 февруари 1981 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Се разрешува од должноста помошник-директор на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи Иван Митровски, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 170
19 февруари 1981 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 236 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“ бр 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Се разрешува од должноста директор на Сојузниот завод за стандардизација Милан Крајновиќ поради истекот на пропишаниот период во вршењето на таа функција.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С п. п бр. 171
19 февруари 1981 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— по повод наˑшеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развој и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Балтиќ Николе Милутин;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ниниќ Луке Иво;

Бр 94
12 ноември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:


Страна

121. Решение за определување на стоковниот контингент за злато во 1981 година — — 357
122. Правилник за поморските и бродарските книшки и дозволи за качување — — — 357
123. Правилник за ознаките на пловните патишта во крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — 362
124. Правилник за утврдување на критериумите за вршење на работа во смени на железничките работници што непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај — — — — — — — 365
125. Упатство за измени и дополненија на Упатството за содржината, обликот и начинот на употреба на еднообразните инструменти за плаќање и за единствената постапка и начин на вршење на работите на платниот промет во земјата — — — 366
126. Одлука за употреба на средствата од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници наменети за закрепнување на уживателите на пензија во 1981 година — — — 363
127. Одлука за учество на воените осигуреници и на членовите на нивните семејства во поднесувањето на трошоците за користење на здравствена заштита — — — 368
128. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за индикациите, за стандардите за материјалите и за роковите на траењето за очни и слушни помагала и помагала за овозможување на гласен говор — — — — — — — — — 369
129. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за индикациите за протетички и ортотички средства и санитарни справи, за стандардите за материјалот и за роковите на траењето на тие средства и справи — — — — — — — — 370

Назначувања и разрешувања — — — — 371
Одликувања — — — — — — — — — — 372


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Белградски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**